*Во Гостивар, 12.01.2026*

**ПОВИК ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГА –** ангажирање експерт за спроведување истражување на тема „Социјално претприемништво“ за потребите на проектот „Биди уникатен – почни социјален бизнис!“

## 1. ЦЕЛ НА ПОВИКОТ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Здружението Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ) го спроведува проектот „Биди уникатен – почни социјален бизнис! “, чија цел е подигнување на свеста и капацитетите на младите во општина Гостивар за препознавање и користење на социјалното претприемништво како алатка за решавање на општествени и еколошки предизвици и поттикнување на одржлив локален развој. Проектот е финансиран од Европската Унија во рамките на проектот „RAISE CSOs - Резилиентни и Инклузивни Патишта за Социјално Претприемништво за Младите со локални Граѓански Организации во Северна Македонија” имплементиран од Младински сојуз – Крушево, во партнерство со Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој „Паблик“ и Центарот за истражувања и анализи „НОВУС“ од Струмица.
За потребите на проектот АДИ објавува повик за: ангажирање на експерт за спроведување на истражување на тема „Социјално претприемништво“.
Со повикот се дефинира доменот на работата, задачите, планираниот обем и рок на активностите, како и критериумите врз чија основа ќе се изберат експертите.

## 2. ДОМЕН НА РАБОТА

2.1. Цел на задачата:

Експертот е должен да изработи анкета наменета за околу 100 млади во Општина Гостивар, на возраст од 15 до 29 години, со цел да се утврдат нивното познавање, ставови и интерес за концептот на социјално претприемништво. Истражувањето треба да содржи прашања за нивната информираност, перцепција за можностите и предизвиците, како и идеите што ги имаат за решавање на општествени проблеми преку претприемачки пристап. Откако ќе заврши со анкетите, резултатите од истражувањето треба да се обработат и претстават во краток извештај.

## 3. ВРЕМЕНСКА РАМКА

Ангажманот за спроведување на истражувањето е два месеци **од потпишување на договорот.**

## 4. УСЛОВИ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Вкупните планирани финансиски средства за ангажирање на експерт за изработка на онлајн истражување е 900 ЕУР во денарска противвредност.

Плаќањето ќе биде извршено по реализација на планираните активности, односно по изработка на онлајн истражувањето и изработка на извештајот.

Трошоците паѓаат на сметка на проектот „ Биди уникатен – почни социјален бизнис“.

**5. КРИТЕРИУМИ**

Изборот на експерт ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда.
Квалификации, професионално искуство и вештини:

- Високо образование од областа на општествените науки (социолошки, политички, правни);
- Вештини за анализа, истражување и пренос на информации во писмена форма;
- Искуство во областа на обезбедување социјални услуги и инклузија, социјално претприемништво;
- Одлични комуникациски и организациски вештини.

**6. ЕЛЕМЕНТИ НА ПОНУДАТА**

Понудата треба да ги содржи следните елементи:

- Кратка биографија (претставена на некој од општо прифатените обрасци);
- Финансиска понуда (Прилог 1).

7. **НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ**

Понудата се доставува по електронски пат или до архивата на АДИ на бул. Браќа Ѓиноски 61, Гостивар. Доколку понудата се доставува по електронски пат, истата треба да се испрати на следната е-пошта: **adi@adi.org.mk назнака наведете го: „Повик Реф. Бр. 0507-336"**
Краен рок на доставување на понудите е до 16.01.2026 година до 15:00 часот.
Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид.